Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2019 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....7

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена .... 11

Валутна структура ....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....14

Буџетски расходи според економската класификација ....15

Расходи по буџетски корисници ....16

Буџетско салдо ....18

4. Социјален сектор

Плати ....18

Пензии ....19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....20

Депозитен потенцијал ....20

Кредити на банките ....21

Каматни стапки на депозитни банки ....22

Пазар на капитал .... 22

Девизни резерви .... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2019 година

- Индустриското производство во февруари 2019 година забележа раст од 7,3% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во февруари 2019 година се зголемија за 1,1% во однос на февруари 2018 година, по растот од 1,2% во јануари 2019 година;

- Во периодот јануари - февруари 2019 година извозот забележа раст од 6,9%, а увозот од 9,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 17,8%, споредено со истиот период од 2018 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во јануари - февруари 2019 година изнесуваа 30.059 милиони денари, односно 4,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 9,8% во однос на истиот период од 2018 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во јануари - февруари 2019 година изнесуваа 32.749 милиони денари, односно 4,7% од БДП, што е за 6,7% повеќе во однос на истиот период од 2018 година;

- Вкупните кредити на банките во февруари 2019 година се зголемија за 8,2% во споредба со февруари 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во февруари 2019 година забележа раст од 7,3% во споредба со истиот месец претходната година. Главен двигател на растот е секторот Преработувачка индустрија со раст од 7,3% (придонес од 5,6 п.п.), а раст е забележан и во секторите Рударство и вадење камен од 2,9% (придонес од 0,3 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 4,8% (придонес од 0,6 п.п.).

Раст на производство во февруари 2019 година бележат 17 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 72,5% од структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во февруари 2019 година е забележан кај производството на машини и уреди од 10,1% и придонес од 1,0 п.п., а значителен раст има и кај производството на моторни возила од 6,9% и придонес во вкупното производство од 0,7 п.п.. Производството на прехранбени производи во февруари 2019 година бележи значителен раст од 9,4% и придонесува со 0,9 п.п. во вкупното производство. Особено висок раст во февруари 2019 година е забележан кај производството на пијалаци од 37,7%, со што оваа гранка има највисок придонес во растот на вкупното производство за овој месец од 1,5 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите: Интермедијарни производи, освен енергија од 13,5% (придонес од 3,9 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,3% (придонес од 1,7 п.п.), Енергија од 7,1% (придонес од 1,0 п.п.) и Капитални производи од 1,7% (придонес од 0,4 п.п.). Пад е

забележан единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка од 1,4% (придонес од 0,0 п.п.).

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите два месеца од 2019 година бележи раст од 9,6%, при што најголем придонес од 4,4 п.п. има секторот Преработувачка индустрија со остварен раст од 5,7%, со 3,2 п.п. придонесе секторот Снабдување со ел. енер. кој има значителен раст од 26,5%, додека секторот Рударство и вадење камен оствари раст од 0,3%.

Податоците од анализата по гранки укажуваат дека во периодот јануари - февруари 2019 година, раст е забележан кај 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 70,7% од структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 26,5% и придонес од 3,2 п.п., производството на моторни возила од 20,0% и придонес од 2,0 п.п., производството на машини и уреди од 15,8% и придонес од 1,5 п.п., како и кај прехранбената индустрија од 4,8% и придонес од 0,5 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот во периодот јануари - февруари 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во сите групи, и тоа: Енергија од 25,1% (придонес од 3,6%), Интермедијарни производи, освен енергија од 6,3% (придонес од 1,8 п.п.), Капитални производи од 8,2% (придонес од 1,8 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,3% (придонес од 0,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 10,1% (придонес од 0,3 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во февруари 2019 година е зголемен за 0,8%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Преработувачка индустрија од 0,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

климатизација од 0,1%, додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан пад од 0,1%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2019 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има во групите Капитални производи од 15,7% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,7%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,3%, Трајни производи за широка потрошувачка од 2,4% и Енергија од 0,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - февруари 2019 година е забележан раст на бројот на работници од 1,0%, кој се должи на растот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,1%, Рударство и вадење камен од 0,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,1%.

Согласно податоците за наменски групи, во првите два месеца од 2019 година е забележан раст во групите Капитални производи од 15,9% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,3%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,1% и Енергија од 0,4%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2019 година е поповолна споредено со претходниот месец и со февруари 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 68,8%, што претставува зголемување во однос на јануари 2019 година, кога изнесувало 68,2%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,9 п.п..

Намалено е влијанието на недостигот од квалификувана работна сила врз ограничувањето на обемот на производство за 3,7 п.п. споредено со претходниот месец, како и на недоволната домашна побарувачка за 0,3 п.п.. Од друга страна, раководителите на деловните субјекти оцениле дека се зголемува влијанието на недоволната странска побарувачка, како и на неизвесното економско окружување врз обемот на производство.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари 2019 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на

производството во наредните три месеци се поповолни во однос на јануари 2019 година, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2019 година издадени се вкупно 153 одобренија за градење, што претставува годишен пад од 13,6%. Во однос на јануари 2019 година, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 50,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2019 година споредено со истиот месец од 2018 година бележи пад од 49,1%. Вредноста на објектите во однос на претходниот месец е намалена за 70,9%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 81 (или 52,9%) се наменети за објекти од високоградба, 26 (или 17,0%) за објекти од нискоградба и 46 (или 30,1%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 153 издадени одобренија за градба, на 83 објекти (или 54,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 70 објекти (или 45,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија во февруари 2019 година се предвидува изградба на 123 станови, со вкупна корисна површина од 13.404 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 84,8%, а во однос на февруари 2018 година за 79,8% .

## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари 2019 година се зголемија за 1,1% во однос на февруари 2018 година, по растот од 1,2% во јануари 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – февруари 2019 година изнесува 1,1%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во февруари се зголемија за 2,3% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во февруари 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 2,9%, Ресторани и хотели од 1,9%, Рекреација и култура од 1,6%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,9% и Останати стоки и услуги од 0,8%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во февруари 2019 година е регистриран во категориите Транспорт од 3,7%, Комуникации од 1,3%, Образование од 0,5% и Облека и обувки и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во февруари 2019 година се непроменети во однос на претходниот месец. Притоа, намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Облека и обувки од 1,1%, Рекреација и култура од 0,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%, Транспорт од 0,3%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Останати стоки и услуги од по 0,2% и Комуникации и Ресторани и хотели од по 0,1%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 0,6% и Здравје од 0,1%. Цените во категориите Образование и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици останаа непроменети.

Цените на мало во февруари 2019 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,3%, а на месечна основа се намалени за 0,2%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2019 година во однос на претходниот месец бележи раст од 8,2% и изнесува 64,1 долар за барел. На годишна основа, цената на нафтата опадна за 2,0%. Цената на природниот гас во февруари 2019 година споредено со февруари 2018 година се намали за 2,1%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јануари 2019 година се тргуваше со просечна цена од 12.685 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на јануари 2019 година бележи зголемување на цената од 10,1%. Споредено со истиот месец од 2018 година, цената на никелот се намали за 6,7%. На месечна основа, цената на бакарот се зголеми за 6,1%, на цинкот за 5,4%, на калајот за 3,9%, на оловото за 3,3% и на алуминиумот за 0,5%. Цената на железната руда во февруари се зголеми за 15,8% на месечна основа.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Благородните метали во февруари 2019 година во однос на јануари 2019 година исто така бележат раст на цените. Така, цената на златото порасна за 2,2%, на платината за 1,4% и на среброто за 1,2%. Цената на пченицата на светските берзи во февруари на месечна основа се зголеми за 4,4%, а на пченката за 1,7%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2019 година изнесува 2.189,6 милиони евра, што претставува раст од 8,3% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - февруари 2019 година, размената со ЕУ, како најголем трговски партнер, е намалена за 3,4 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 70,3% од вкупната размена на Република Северна Македонија.

## Извоз

Во периодот јануари - февруари 2019 година, вредноста на извезените стоки изнесува 944,2 милиона евра и бележи раст од 6,9% (60,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 13,7%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2019 година изнесува 528,9 милиони евра и бележи раст од 15,0% (68,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 55,7%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2019 година извозот бележи раст од 27,3% (113,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 4,8%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2019 година се: хемиски

материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - февруари 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 4,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 10,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 84,3% и 9,4% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - февруари 2019 година изнесува 1.245,4 милиони евра и бележи раст од 9,4% (106,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 25,8%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во февруари 2019 година изнесува 675,3 милиони евра, што претставува раст од 17,0% (98,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 46,3%.

**Графикон 2.4:**Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2019 година увозот бележи раст од 18,5% (105,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 2,6%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2018 | I - II - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,2 | 5,5 | 2,3 | 72,6 |
| Мил. ЕУР | 208,1 | 197,0 | -11,1 | -5,3 |
| Мил.$ | 255,7 | 224,4 | -31,2 | -12,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2018 | I - II - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 4,0 | 5,3 | 1,4 | 34,4 |
| Мил. ЕУР | 29,7 | 33,9 | 4,2 | 14,2 |
| Мил.$ | 36,5 | 38,6 | 2,1 | 5,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2018 | I - II - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 124,0 | 123,9 | -0,1 | -0,1 |
| Мил. ЕУР | 72,8 | 89,1 | 16,3 | 22,4 |
| Мил.$ | 89,7 | 101,4 | 11,7 | 13,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2018 | I - II - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 158,1 | 137,5 | -20,5 | -13,0 |
| Мил. ЕУР | 84,4 | 70,6 | -13,8 | -16,4 |
| Мил.$ | 103,9 | 80,3 | -23,6 | -22,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2018 | I - II - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,8 | 12,7 | 2,9 | 29,6 |
| Мил. ЕУР | 122,1 | 155,8 | 33,7 | 27,6 |
| Мил.$ | 150,1 | 177,3 | 27,2 | 18,1 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2018 | I - II - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,2 | 9,7 | 0,5 | 5,5 |
| Мил. ЕУР | 103,5 | 114,1 | 10,6 | 10,2 |
| Мил.$ | 127,3 | 129,8 | 2,5 | 2,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - февруари 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 17,8% односно 45,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во февруари 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 25,1% односно 29,4 милиони евра споредено со февруари 2018 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари - февруари 2019 година, 96,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Јужна

Африка, а потоа следуваат: Србија, Турција, Украина, Италија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Унгарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,2% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 2,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,7% и 79,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,6 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 3,7 п.п. во однос на периодот јануари - февруари 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - II - 2018 | | | | | I - II - 2019 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 651,2 | 948.509.484 | 61,5733 | 58.402.859.017 | 83,3 | 636,2 | 990.689.249 | 61,5387 | 60.965.728.480 | 79,5 | 42.179.765 | 4,4 |
| УСД | 126,3 | 220.077.607 | 50,1896 | 11.045.607.083 | 15,7 | 342,8 | 275.743.508 | 54,0469 | 14.903.081.789 | 19,4 | 55.665.900 | 25,3 |
| ГБП | 1,0 | 4.916.027 | 69,6766 | 342.532.034 | 0,5 | 0,7 | 3.756.831 | 69,8552 | 262.434.148 | 0,3 | -1.159.196 | -23,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 778,5 | | | 69.790.998.134 | 99,0 | 979,7 | | | 76.131.244.417 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 780,7 | | | 70.132.518.150 | 100,0 | 982,1 | | | 76.641.782.732 | 100,0 | | 9,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари - февруари 2019 година изнесуваа 30.059 милиони денари, односно 4,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 9,8% во однос на 2018 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории *(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 16.906 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 6,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 7.870 милиони денари, што претставува зголемување за 3,9% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 46,6%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 12.161 милион денари, од кои на даночните обврзници им е извршен


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

поврат во износ од 4.290 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 9,2% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 2,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 11,1%.

Акцизите се остварени во износ од 3.723 милиони денари (учество од 22,0% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,7% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 11.593 милиони денари, што претставува 68,6% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 2.532 милиона денари и забележуваат раст од 12,5% на годишна основа, при што 65,8% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 3,1% од приходи од капитал, 6,3% од приходи по основ на договор на дело, 9,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,6% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во првите два месеца изнесуваа 1.786 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 18,0% во однос на истите месеци претходната година, што е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 26,6%), доплатите по даночни биланси (намалување од 33,3%) и на задржаниот данок за странски правни лица (намалување од 11,7%).

Приходите од царина се остварени во износ од 914 милиони денари и забележаа зголемување од 3,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 81 милион денари забележаа помало остварување за 2,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 8.983 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 7,7%, кај придонесите за вработување за 7,0% и придонесите за здравствено осигурување за 7,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 3.275 милиони денари и во однос на првите два месеца од 2018 година забележаа поголемо остварување од 48,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 165 милиони денари, што е намалување од 10,3% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 560 милиони денари и се намалени за 9,2% во однос на истиот период лани.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во периодот јануари - февруари 2019 година изнесуваат 20.380 милиони денари, односно 92,1% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 12,8% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 82,0% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во периодот јануари - февруари 2019 година изнесува 14,1% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 2.421 милион денари, што претставува 11,9% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 701 милион денари, односно 3,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (87,3%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 297 милиони денари, што претставува 1,3% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на отплата на заеми изнесува 124 милиони денари и претставува 41,6% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (http://finance.gov.mk/mk/node/693).

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - февруари 2019 година оствари приходи во износ од 12.414 милиони денари што претставува 17,1% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари - февруари 2019 година изнесуваа 32.749 милиони денари, односно 4,7% од БДП, што е за 6,7% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 31.833 милиони денари учествуваа со 97,2% и се зголемени за 7,4% во однос на 2018 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 4.460 милиони денари што претставува зголемување за 2,9% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.167 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 12,2%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 23.580 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,5% споредено со јануари - февруари 2018 година и истите учествуваа со 72,0% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 16.989 милиони денари, забележаа раст од 8,6% и учествуваа со 51,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 10.704 милиони денари, што е зголемување за 9,0% споредено со 2018 година и учествуваат со 32,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,2%, односно забележаа помала реализација за 2,0%, а се реализирани во износ од 6.301 милион денари. Блок дотациите кон единиците на локалната самоуправа во износ од 2.745 милиони денари забележаа зголемување од 4,4%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 3.174 милиони денари што е намалување од 7,6% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.626 милиони денари, што е за 58,8% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 15,9%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 140,5%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 916 милиони денари со структурно учество од 2,8% во вкупните расходи, односно забележаа пониска реализација за 11,3% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 81,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - февруари 2019 година реализираше 7.005 милиони денари или 15,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 5.109 милиони денари или 16,9% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 17,6% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 12,0% (1.232 милиона денари) од планираните за 2019 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Во првите два месеца од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 4.967 милиони денари, што претставува 14,8% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 51,1% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 2.540 милиони денари, односно 15,6% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

однос на каматни плаќања отпаѓаат 32,7% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.626 милиони денари или 17,7% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - февруари 2019 година изврши буџетски средства во износ од 3.423 милиони денари, што е 13,1% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (69,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 2.379 милиони денари или 16,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,6%, за што се потрошени 568 милиони денари, односно 15,4% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари - февруари 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 2.067 милиони денари, што претставува 18,8% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 61,3%, за што се потрошени 1.267 милиони денари или 16,5% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 25,6%, за што се реализирани 528 милиони денари или 26,5% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првите два месеца од 2019 година изврши буџетски средства во износ од 1.062 милиона денари, што е 12,8% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 60,1%, за што се реализирани 638 милиони денари, што претставува 16,1% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 26,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 279 милиони денари, односно 14,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - февруари 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 775 милиони денари, што е 12,0% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 53,9%, за што се потрошени 418 милиони денари или 14,6% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 38,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 299 милиони денари, односно 13,0% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 218 милиони денари, што е 3,0% од вкупниот буџет за тековната година. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 76,9% и за оваа намена извршени се средства во износ од 168 милиони денари, односно 25,3% од планираното.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 1.904 милиони денари, што претставува 21,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и

трансфери, кои учествуваат со 98,5% во вкупните расходи, реализирани се 28,3% од планираните средства.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во првите два месеца од 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 2.690 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 2.864 милиони денари и претставува 0,41% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2019 година оствари годишен раст од 2,0%, а во однос на претходниот месец е пониска за 4,9%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (9,6%), Рударство и вадење камен (8,3%) и Образование (5,3%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 0,8%.

**Графикон 4.1:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*



Извор: ДЗС.

**Графикон 4.2:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*



Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2019 година оствари годишен раст од 3,3%, а во однос на претходниот месец е пониска за 3,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (11,2%), Рударство и вадење камен (9,3%) и



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Информации и комуникации (6,8%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,1%.

## Пензии

Во февруари 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 315.592 пензионера, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 558 лица. Од вкупниот број пензионери, 64,8% се корисници на старосна пензија, 24,0% се корисници на семејна пензија и 11,2% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.3** Корисници на пензии и просечна пензија (корисници во единици; просечна пензија во денари)




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во февруари 2019 година изнесува 14.378 денари и е за 3,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,8%.

Просечната старосна пензија во февруари изнесува 15.667 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.023 денари, а просечната семејна пензија 11.529 денари. За исплата на пензиите во февруари 2019 година се потрошени 4.455,05 милиони денари, што претставува 53,9% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во февруари 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,50%. НБРСМ ги задржа досегашните согледувања за здрави економски основи и стабилни очекувања на економските субјекти, видливи преку поволните движења на

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (февруари 2019 година)




Извор: НБРСМ.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

девизниот пазар и растот на депозитната база на банките. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во февруари 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 24,0% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 12,5% и вкупните ликвидни средства на банките од 35,4%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 4,9%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 10,0% во услови на пад на готовите пари во оптек за 0,8%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во февруари 2019 година регистрираа раст од 1,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 0,7%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,8%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во февруари 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,5%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,6%.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2019 година оствари раст од 10,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 11,3% и 8,8%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 6,9%, а депозитите на домаќинствата од 8,8%.

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,9%, а долгорочните депозити за 12,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2019 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **376.155** | **1,1%** | **10,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *223.253* | *1,5%* | *11,3%* |
| *Странска валута* | *152.902* | *0,6%* | *8,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *165.965* | *0,3%* | *6,9%* |
| *Долгорочни* | *105.303* | *1,6%* | *12,1%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **321.439** | **0,6%** | **8,2%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *190.993* | *0,8%* | *10,9%* |
| *Странска валута* | *130.446* | *0,2%* | *4,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *61.048* | *2,0%* | *12,0%* |
| *Долгорочни* | *240.761* | *0,4%* | *8,5%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.649* | *-1,5%* | *-5,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во февруари 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,9%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,3%. Од аспект на валутата, во февруари 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од 0,8% и 0,2% соодветно.

На годишна основа, во февруари 2019 година вкупните кредити се зголемија за 8,2%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,6% и на кредитите кон претпријатијата од 7,0%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,9%, а кредитите во странска валута за 4,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,5%, а краткорочните кредити од 12,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,28%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,75%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п на месечно ниво и изнесува 4,71%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари 2019 година изнесува 1,42% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските и девизните депозити е непроменета и изнесува 1,95% и 0,80% соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 38,8% на месечно ниво, како резултат на падот кај блок трансакциите од 86,8%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2019 година изнесуваше 299,6 милиони денари и истиот е намален за 16,2% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на февруари 2019 година изнесуваше 3.653,83 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 1,0%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 31,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2019 година изнесуваа 2.864,3 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 0,5%, а во однос на февруари 2018 година се зголемени за 11,6%.